**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 ноември 2017 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: октомври 2017 година

- Каматните стапки на вкупните кредити и вкупните депозити веќе четири последователни месеци (од јули годинава наваму) се непроменети и се стабилизираа на нивото од 5,9% и 1,5%, соодветно.

- Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити, во текот на октомври се задржа на нивото од 5,1%, додека просечната каматна стапка на новопримените депозити забележа минимално месечно зголемување од 0,1 п.п. и изнесува 1,4%.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 10.2016 | 12.2016 | 1.2017 | 2.2017 | 3.2017 | 4.2017 | 5.2017 | 6.2017 | 7.2017 | 8.2017 | 9.2017 | 10.2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **6.3** | **6.2** | **6.2** | **6.1** | **6.1** | **6.1** | **6.0** | **6.0** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.9** |
| Корпоративен сектор | 6.0 | 5.8 | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.6 | 5.6 | 5.5 | 5.4 | 5.4 | 5.4 | 5.4 |
| Домаќинства | 6.7 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.7** | **5.3** | **5.9** | **5.4** | **5.4** | **5.3** | **5.5** | **5.2** | **5.4** | **5.2** | **5.1** | **5.1** |
| Корпоративен сектор | 5.6 | 5.2 | 5.9 | 5.1 | 5.2 | 5.1 | 5.4 | 5.0 | 5.2 | 5.0 | 4.7 | 4.8 |
| Домаќинства | 5.8 | 5.6 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.7 | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.7 | 5.8 | 5.6 |
| **Вкупни депозити** | **1.8** | **1.8** | **1.7** | **1.7** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.5** | **1.5** | **1.5** | **1.5** |
| Корпоративен сектор | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 1.8 | 2.0 | 2.0 |
| Домаќинства | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.6 | 1.6 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 |
| **Новопримени депозити** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.4** | **1.4** | **1.4** | **1.5** | **1.2** | **1.3** | **1.3** | **1.4** |
| Корпоративен сектор | 1.4 | 1.5 | 1.3 | 1.3 | 1.1 | 1.0 | 1.1 | 1.2 | 1.0 | 1.0 | 1.2 | 1.0 |
| Домаќинства | 1.7 | 1.8 | 1.7 | 1.8 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.3 | 1.5 | 1.5 | 1.7 |

Извор: НБРМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[2]







Извор: НБРМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор, исто така е без месечни промени од јули наваму, позиционирана на ниво од 5,4%. Споредено на годишна основа, кај оваа каматна стапка е евидентирано намалување за 0,6 п.п..

– Новите кредити со кои се задолжувал корпоративниот сектор во текот на октомври, се склучувани со просечна каматна стапка од 4,8%, што претставува минимална нагорна месечна промена од 0,1 п.п.. Зголемувањето главно произлегува од растот на каматната стапка кај денарските кредити без валутна клаузула (за 0,3 п.п.), во услови кога каматната стапка на денарските кредити со валутна клаузула бележат пад (за 0,1 п.п.). Во однос на октомври 2016 година, оваа каматна стапка е пониска за 0,8 п.п..







Извор:НБРМ.

[2] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор се однесува на нефинансиските институции (јавни и останати).

– Каматната стапка на вкупните примени депозити од корпоративниот сектор во октомври остана непроменета и изнесува 2,0%, додека споредено на годишно ниво е пониска за 0,1 п.п..

– Просечната каматна стапка на новопримените депозити[3] на корпоративниот сектор оствари надолна месечна промена од 0,2 п.п. и изнесува 1,0%. Месечниот пад се должи на намалувањето на каматната стапка на депозитите во странска валута и денарските депозити без валутна клаузула (за 0,5 п.п. и 0,1 п.п., соодветно), при раст на каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,3 п.п.). На годишна основа, кај оваа каматна стапка е регистрирано намалување од 0,4 п.п..

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[4]







Извор: НБРМ.

– Заклучно со октомври, просечната каматната стапка на вкупните кредити одобрени на домаќинствата и натаму е на нивото од 6,5%, без промени во последните шест месеци. Во однос на октомври минатата година, оваа каматна стапка е пониска за 0,2 п.п..

– Овој месец, новото кредитирање на домаќинствата се вршело по просечна стапка од 5,6%, за 0,2 п.п. пониска во однос на претходниот месец. Месечната надолна промена кај оваа категорија произлегува од намалувањето на каматните стапки на денарските кредити, со и без валутна клаузула (за 0,3 и 0,1 п.п., соодветно), во услови кога каматната стапка на кредитите одобрени во странска валута бележи раст од 0,3 п.п.. Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,2 п.п..

---

[3] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРМ.

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити од домаќинствата и во текот на октомври се задржа на нивото од 1,5%, без промени од април годинава. Анализирано на годишна основа, кај оваа каматна стапка е забележано намалување од 0,2 п.п..

– Во октомври, просечната каматна стапка по која се примаат нови депозити[5] од домаќинствата изнесува 1,7% што претставува раст од 0,2 п.п. на месечно ниво. Нагорното поместување кај оваа категорија произлегува од растот кај сите нејзини компоненти. Имено, банките и штедилниците првпат после четири месеци примиле денарски депозити со валутна клаузула кај кои стапката изнесува 2,2%. Каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута, исто така бележат раст од 0,2 п.п. и 0,1 п.п., соодветно. Воедно, оваа каматна стапка е идентична со стапката регистрирана во октомври минатата година.

[5] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечни податоци за каматните стапки: 29 декември 2017 (референтен пресек заклучно со ноември 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).